Бранко ПАНОВ

# ЗА ПОТЕКЛОТО И НАЈРАНИТЕ ГОДИНИ ОД ЖИВОТОТ И ДЕЈНОСТА НА КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Од 1823 година, кога во Прага „таткото на словенската филологија" Јосиф Добровски го издал своето капитално дело „Cyrill und Method der Slaven Apostel", за македонските и сесловенски просветители Константин — Кирил и Методиј се напишани илјадници поголеми и помали дела[1]. Сите тие главно се темелени врз изворните податоци од Пространите житија (Панонските легенди) на Кирил и Методиј, напишани од нивни ученици[2], нивните похвални слова[3], Италијанската легенда[4], Пространото Климентово житие[5], Краткото Кирилово житие[6], Солунската легенда[7], делото на Црноризец Храбар „За буквите"[8], како и повеќе други словенски, грчки и латински извори[9]. Сè до пронаоѓањето нови извори (пишани и материјални) овие расположливи извори и натаму ќе бидат предмет на сестрани проучувања, зошто на многу спорни прашања од Кирило-Методиевата проблематика во науката не е даден дефинитивен одговор.

---

1. Библиографски преглед на литературата за животот и делото на Кирил и Методиј, види: Г. А. Ильнский, Опыт систематической кирилло-мефодиевской библиографии. София 1934; М. Г. Попруженко и Ст. Романски, Кирилометодиевска библиография за 1934—1940 г. София 1942; И. Е. Можаева, Библиография по кирилло-мефодиевской проблематике 1945—1974 гг. Москва 1980.

2. Види за тоа: Климент Охридски, Събрани съчинения, т. III, изд. на БАН, София 1973; Сказания о начале славянской письмености. Вступительная статья, перевод и комментарий Б. Н. Флори, изд. „Наука", Москва 1981.

3. Вид.: А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, I. София 1920; Климент Охридски, Житија, слова, поуки. Предговор Х. Поленаковиќ, избор, превод и коментар Р. Угринова—Скаловска. Скопје 1974.

4. Вид.: А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, II. София 1934, стр. 196—201; Латински извори за българската история, II, София 1960, стр. 294—302: Pramene k dejinam Vel'kej Moravy. Na vydanie pripravil P. Ratkoš. Bratislava 1964, str. 130—138.

5. Вид.: Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски. София 1966.

6. Вид.: А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, II, стр. 115—122. Сп. и Е. Георгиев, Родината на Кирило-методиевото дело. — Сб. Константин-Кирил Философ. София 1969, стр. 31—43.

7. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, II, стр. 110—114; Б. Ст. Ангелов, Из старата българска, руска и сръбска литература, кн. II. София 1967, стр. 44—66.

8. Опстојно за него, види: К. Куев, Черноризец Храбър. Изд. на БАН, София 1967.

9. Вид.: А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, II, стр. 5 и сл.; Латински извори за българската история, II, стр. 133. и сл.: Pramene k dejinam Vel'kej Movavy, str. 67 и сл.

4*

## 1.

Градот Солун е родното место на Константин и Методиј. Во епохата кога тие живееле и твореле тој бил доста словенизиран под влијание на својата чиста словенска околина. Тоа го нагласил и византискиот император Михаил III (842—867), кога пред да ги испрати Константин и Методиј во Велика Моравија, изјавил: „Вие сте солуњани, а сите солуњани чисто словенски зборуваат“ (Вы бо неста селоунѧнина, да селоунѧне чисто словѣньскы бесѣдоуютъ)[10]. Во таква словенска средина биле родени браќата Константин и Методиј, творците на словенската писменост, кои со своето епохално словенско дело се сврстале меѓу најзаслужните луѓе во културната ризница на човештвото.

Константин и Методиј потекнувале и по таткова и по мајчина страна од богати благороднички семејства[11]. Нивниот „чесен род“ бил познат „на царот и на целата Солунска област“[12]. Татко им Лав, кого што Поп Дукљанин во својот Летотопис го означил како „патриције Леон“ (Leonis patricii)[13], извршувал друнгарска должност под власта на стратегот (Прѣдрьже санъ дроугаскыи подъ стратигомъ) на Солунската тема[14]. Веројатно пред тоа бил сотник (саном же сотникъ), што се нагласува во Проложното житие на Кирила[15]. Друнгарот Лав своето благородничко потекло му го должел најверојатно на неговиот дедо по татко, за што нагласено истакнал и неговиот син Константин за време на престојот на хазарскиот двор. Имено, за време на ручекот што го приредил каганот, кога му било поставено прашањето:“ Какво е твоето достоинство, па да те поставиме според твојот чин?“, Константин одговорил: „Имав дедо голем и мошне славен, кој бил близу до царот, а бидејќи доброволно се откажал од славата што му била дадена, се осиромашил и таму ме родил. А јас, барајќи ја старата чест на дедовците, не успеав да ја здобијам. Јас сум му внук на Адама“[16]. Дека браќата Константин и Методиј потекнувале од богати родители и дека тие се викале Лав и Марија (от сановитоу и богатоу родителю рожии сѧ, отца Льва и матери Марии) се вели и во Методиевото проложно житие[17].

---

[10]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 188, 199.

[11]. Исто, 89, 120, 142, гл. II, бел. 1.

[12]. Исто, 187, 198.

[13]. Ljetopis Popa Dukljanina. Izd. Vlad. Mošin. Zagreb 1950, str. 48.

[14]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 89, 120, 142, гл. II, бел. 28 и таму посочената литература. Сп. и С. Бернштейн, Константин—Философ и Мефодий. Москва 1984, стр. 38.

[15]. А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, II, стр. 34. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, епископ словенский. Его жизнь и просветительная деятельност. Сергиев Посад 1913, стр. 263 (Приложения).

[16]. Климент Охридски, Събрани съчинения ,III, стр. 96—97, 128, Сп.: С. Бернштейн, Константин-Философ и Мефодий, стр. 38—39.

[17]. А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, II, стр. 38,

Семејството на Лав и Марија се состоело од „седум деца“ од кои најмал бил Константин.[18] Тешко е да се утврди дали „неговиот постар брат“ (Стар҄ѣишии же єго братъ) Методиј[19] бил најстар од децата, зошто од Похвалното слово на Кирил се дознава дека тој имал повеќе „браќа и сестри“ (братиꙗ и сєстры)[20]. Затоа не е можно да се одреди точната разлика во години меѓу Константин и Методиј кои го прославиле семејството на друнгарот Лав. Врз база на претпоставки поголем број научници разликата ја протегнале доста долго: 7—17 години. Притоа своите резултати ги темелеле врз податоците од Пространото Кирилово житие, кои говорат дека кога Константин умрел во Рим 869 година имал 42 години[21]. Врз база на тоа 827 година се зема како година на раѓање на Константин. За постариот брат Методиј, пак, за кого само се знае дека умрел 885 година[22], поради недостиг на дополнителни податоци сè уште не е утврдено кога точно бил роден. Тоа што досега е кажано во врска со годината на неговото раѓање е неаргументирано и засновано само на претпоставки. Годината на неговото раѓање главно се поставува во периодот од 810—815 година[23]. Исто така на претпоставки е засновано и искажувањето дека крстеното име му било Михаил и дека истото го добил во чест на императорот Михаил Рангабе (811—813)[24]. Поприфатливо е ако така се викал Методиј пред замонашувањето дека го добил тоа име во чест на императорот Михаил II (820—829) за чиешто владеење татко му стекнал голема слава, а би можел и да е роден.

Во научната литература полемика предизвикало и прашањето околу народноста на Кирил и Методиј. Притоа познавачите на Кирилометодиевската проблематика се поделиле главно на три групи. Едните ги сметале нивните родители за Словени[25], другите за Грци[26], а третите дека по татко се Грци, а по мајка Словени[27].

---

[18]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 89, 120, 142, гл. II, бел. 4.

[19]. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, I, стр. 120.

[20]. Исто, 110. Сп.: С. Бернштейн, Константин-Философ и Мефодий, стр. 39.

[21]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 109,141.

[22]. Исто, 192, 203, 212, гл. XVII, бел. 5.

[23]. Вид.: С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель. — Богословские труды, Сб. II, изд. Московская патриархия, Москва 1961, стр. 100; С. Бернштейн, Константин-Философ и Мефодий, стр. 40.

[24]. С. В. Троицкий, Св. Мефодий. . . , стр. 97. 100.

[25]. Опстојно за тоа, види: М. П. Погодин, В память о Св. Кирилле и Мефодие. — Кирилло-Мефодиевский сборник, Москва 1865, стр. 96 и сл.; Ф. И Успенский, На память тысячелетней годовищины славянских просветителей. Одесса 1885, стр. 2—3; В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 36 и сл.; Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници на славянските литератури. София 1956 стр. 18 и сл.; В. Тъпкова-Заимова, Солунските славяни и произходът на Кирил и Методий. — Сб. Константин-Кирил Философ. Изд. на БАН, София 1969, стр. 64 сл.

[26]. Вид.: В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 47 сл; Е. Георгиев, Кирил и Методий, стр. 20 сл.: В. Тъпкова-Заимова, Солунските славяни . . . , стр. 63 сл.

[27]. Вид.: В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 54 сл.: Д. Ангелов, Кирил и Методий и византийската култура и политика. — Сб. Хиляда и сто години славянска писменост 863—1963. Изд. на БАН, София 1963, стр. 57, бел. 2.

Главната причина до денес да остане нерешено прашањето околу народноста на Солунските браќа е отсуството на посигурни изворни податоци. Избегнувањето пак на византиските писатели да говорат за мисионерската дејност на Константин и Методиј доста убедливо говори дека тие потекнувале од словенски род. Иако дејствувале како византиски мисионери тие целосно го посветиле својот живот во служба на словенскиот свет. Со создавањето на словенската азбука, преведувањето на бројни книги на словенски јазик и воведувањето на словенска богослужба, Константин и Методиј се потврдиле како словенски дејци, зашто Грците гледале на словенските јазици како на „варварски јазици"[28]. Од друга страна пак високиот положај што го имал друнгарот Лав не треба да значи дека тој по потекло бил Грк, зашто во многународносната византиска држава голем број поданици од негрчко потекло дошле до високи положаи. Меѓу таквите биле и голем број лица од словенско потекло. На пример, цариградскиот патријарх Никита (766—780) бил од словенско потекло; Словен бил и Дамјан, кој во времето на Теофил (829—842) и Михаил III бил удостоен со титулата патриције и ја извршувал високата дворска служба паракимомен (началник на дворските спални); водачот на востанието во Мала Азија 821—823.г Тома Словенинот пред тоа бил висок воен функционер; Словенот Андреј пак во времето на Василиј I (867—886) бил потстратег на темата Опсикион во Мала Азија итн[29]. Овие примери јасно говорат дека византиската централна власт настојувала како порано така и во Кирило-методиевската епоха да поставува на високи места (световни и црковни) и лица од словенско потекло од кои голем број биле ангажирани во извршувањето на важни воени и дипломатско-мисионерски задачи не само меѓу Словените кои биле приклучени во рамките на Византија, туку и оние кои живееле во нејзино соседство и во подалечните европски земји. Здобивајќи се со солидни знаења во византиските училишта и усвојувајќи го византискиот раскошен начин на живеење овие византиски воспитаници биле удостојувани и со високи титули и првилегии и испраќани да дејствуваат во полза на византиската држава во одделните словенски средини[30].

Но, голем број од таквите словенски дејци, привлечени главно од редовите на словенската племенска аристократија, дејствувајќи меѓу Словените брзо го заборавале грчкото воспитание и својата дејност ја свртувале во полза на Словените. Таков бил случајот во IX и X век со повеќе словенски кнезови. На пример, од Житието на Григорија Декаполит се дознава, дека на чело на побунетата Склавинија во околината на Солун која настојувала кон крајот на 30-те години на IX век да ја отстрани наложената византиска власт стоел егзарх (ʼεξάρχοντος)

---

[28]. Ф. И. Успенский, На память. . ., стр. 2—3.

[29]. Вид.: Ив. Дуйчев, Въпросът за византийско-славянските отношения и византийските опити за създаване на славянска азбука през първата половина на IX век. — Известия на Института за българска история, 7, София 1957, стр. 252.

[30]. Ф. И. Успенский, На память. . ., стр. 2 и сл.

кој бил од словенско потекло[31]. Исто така од словенско потекло најверојатно бил и стримонскиот стратег, кој во 904 година избегнал да им пружи сестрана помош на солунјаните во борбата со Арабите[32].

Византиски воспитаници секако биле и двајцата словенски кнезови (principes) од околината на Солун, кои во 926 година се кренале против наложената врховна власт на Византија[33]. Затоа во право се познавачите на Кирило-Методиевото дело кои се изјаснуваат во полза на словенското потекло на Солунските браќа. Во таа смисла се изјаснил и големиот византолог Ф. Успенски кога навел, дека „не би можела да се разбере дејноста на Кирил и Методиј ако не се сметаат дека се по потекло Словени"[34]. Тоа пак што во главните извори (Панонските легенди) не е означено потеклото на Кирил и Методиј не би требало да значи дека со тоа се сакало да се прикрие нивното евентуално грчко потекло, зошто од овие извори јасно може да се види дека тие припаѓале во редот на византиските словенски мисионери кои својата дејност целосно ја свртиле во полза на словенските народи[35].

Во полза на тезата за словенското потекло на Солунските браќа убедливо говори и фактот, дека тие прибрале и под свое непосредно раководство воспитале и изградиле голем број свои ученици, собрани од македонските словенски области во кои тие повеќе години дејствувале како византиски мисионери. Меѓу таквите биле и Климент и Наум кои по враќањето од Велика Моравија со успех го продолжиле словенското дело на своите учители во нивната татковина Македонија[36]. Дека браќата Кирил и Методиј својата родна земја Македонија ја чувствувале како своја татковина, а Македонските Словени за свој род, говорат и вестите од Службата на св. Методиј. Од нив се дознава дека Методиј по напуштањето на „словенското кнежевство" во Македонија бил принуден да „остави род и татковина, жена и деца" (**Оставивъ родъ и отчьство, подроужие и дѣтиї**) и да замине да живее со „светите отци" во малоазиската планина Олимп[37].

Од овие вести, како што се гледа, може да се заклучи дека Методиј не ја сметал Византија за своја татковина, а Грците за свој род, зошто и Мала Азија била дел од византиската држава. Од друга страна пак, податокот од Меморандумот на Салзбуршката архиепископија до папата Јован VIII во кој Методиј е означен како „некој си Грк" (quidam

---

31. Вид.: Р. А. Наследова, Македонские славяне конца IX — начала X в. по данным Иоанна Камениаты. — Византииский временик, XI, Москва 1956, стр. 86; С. Антолјак, Средновековна Македонија, I, Скопје 1985, стр. 195 сл.

32. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I, Скопје 1981, стр. 71—74. Сп.; Р. А. Наследова, Македонские славяне. . . , стр. 86 и сл.

33. Документи, I, стр. 74 и бел. 314.

34. Ф. И. Успенский, На память. . . , стр. 3.

35. М. П. Погодин, В память о Св. Кирилле и Мефодие, стр. 104; В. Сл. Киселков Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 41. и сл.

36. Вид.: М. П. Погодин, В память . . . , стр. 99; Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 113 и сл.

37. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, II, 67.

Graecus Methodius nomine) )[38] не би требало да значи дека со тоа сè сакало да се нагласи неговото потекло, туку напротив, припадноста (поданството) на многународносната византиска држава[39].

Исто така нема сигурна подлога и гледиштето дека мајката на Кирил и Методиј била Гркинка, зашто единствен изворен податок за тоа е веста што му ја соопштил еден од атоските монаси на рускиот поклоник Арсениј Суханов во XVII век[40]. Погрешно се сфатени и прокоментирани исто така и вестите од Краткото Кирилово житие („Успение Кирилово") кои меѓу другото говорат дека Кирил бил „по род Бугарин" (родомь сыи Бльгаринь)[41]. Врз база на овој податок некои од учените дури го изедначиле словенското со бугарското потекло на браќата Кирил и Методиј[41]. Таквото гледиште сосема е површно, зашто во конкретниот случај називот „Бугарин" не означувал народносна припадност, туку е продукт на наложениот подагички назив „Бугари" по 927 година како за македонскиот така и за другите балкански народи, кои биле завладеани од бугарските владетели Пресијан, Борис и Симеон и официјално признати од Византија за бугарски поданици[42].

Прашањето околу народноста на браќата Кирил и Методиј иако и денес останува во науката отворено, сепак гледиштето околу нивното словенско потекло, во прилог на кое уште во 1865 година со доста аргументи се застапувал големиот познавач на Кирило-методиевската проблематика М. Погодин[43], останува како најприфатливо. Во таа смисла доста аргументирано е и искажувањето на В. Киселков, дека „солунските браќа Кирил и Методиј не биле никакви Грци, туку чистокрвни македонски Словени", бидејќи тие „секогаш го носеле во своите гради словенскиот дух на својот татко и на своите сонародници од словенска Македонија"[44].

## 2.

Богатите и угледни родители на Константин и Методиј им овозможиле на своите деца уште од мали години да стекнат висока наобразба и да отворат пат за искачување високо во византиската државна хиерархија.

---

38. Латински извори за българската история, II, стр. 134.

39. Вид.: В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 47 и сл.; Е. Георгиев, Кирил и Методий, стр. 21; В. Тъпкова-Заимова, Солунските славяни и произходът на Кирил и Методий, стр. 68, бел. 6.

40. Б. Ст. Ангелов, Из старата българска, руска и сръбска литература, II, стр. 25. Сп.: В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 55; Д. Петканова-Тотева, Кирил и Методий в някои легендарни книжовни паметници. — Сб. Константин-Кирил Философ. Изд. на БАН, София 1969, стр. 79.

41. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, II, стр. 115. Вид.: Е. Георгиев, Кирил и Методий, стр. 21; В. Тъпкова-Заимова, Солунските славяни. . ., стр. 68.

42. Вид.: М. П. Погодин, В память. . ., стр. 104; С. Антолјак, Средновековна Македонија, I, стр. 306, бел. 43; Б. Панов, Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, стр. 25 и сл.

43. М. П. Погодин, В память . . ., стр. 96 и сл.

44. В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 83.

Методиј, чиешто крстено име најверојатно било Михаил[45], како постар син на друнгарот Лав, согласно византиските обичаи, требало да го следи животниот пат на својот татко[46]. Неговиот влијателен татко му овозможил да се школува во солунските училишта кои ги посетувале децата од побогатите семејства и кои главно се подготвувале за извршување на воено-административни должности. Во тие општообразовни училишта децата можеле да стекнат општи и позадлабочени знаења од областа на аритметиката, геометријата, астрономијата, музиката, јазикот, историјата, реториката, филозофијата, теологијата и други дисциплини. По завршувањето на општообразовното училиште, на Методиј му било овозможено да ги посетува и солунските училишта каде слушателите главно се здобивале со воени знаења и се подготвувале за стекнување високи светски кариери[47]. Методиј уште во своите детски години почнал да се истакнува во стекнувањето на воените вештини, што во голема мерка се должело и на неговиот телесен изглед, „неговата бистрина" и „мудроста". Затоа уште „од детинството" Методиј бил сакан и фален од „учените луѓе"[48]. Овие вести од Методиевото панонско житие се потврдуваат и од Пофалното слово на Кирил и Методиј: „. . .Методиј од млади години започна да прима световни почести. Со мудроста тој беше како благомирисен цвет во цутење и беше сакан од сите владетели"[49].

Од мошне скудните изворни податоци за детските и ученички години на Методиј, не е можно да се утврди времето кога тој го завршил своето школување во Солун и дали посетувал училишта во византиската престолнина. Исто така расположливите изворни податоци не овозможуваат да се дознае какви сè должности Методиј обавувал до неговото поставување од византиската централна власт за управител на „словенско кнежевство".

Младиот Методиј следејќи го животниот пат на својот татко на почетокот најверојатно исполнувал воени должности во рамките на Солунската тема, каде што сè до својата смрт 841 година ја извршувал друнгарската должност и татко му Лав[50]. Своето школување Методиј најверојатно го завршил во времето на императорот Теофил, кога како добар воин се истакнал и на военото поле. Во прилог на тоа говорат и вестите од Пофалното слово на Кирил и Методиј, дека тој уште „од млади години" бил „сакан од сите владетели", дека важел за добар говорник и дека „во службата на сите им бил мил и во војната се про-

---

45. Во прилог на тоа говорат и податоците од т.н. „Вистинска повест за Кирил и Методиј"; „. . .оу́ гору Олимпъ, куде Монахомъ подъ прeименованieмъ Меθодiа [вмѣсто Мiхаила, прeђашнегъ своегъ имена]" (Н. Л. Туницкий, Св. Климент. . ., стр.264, приложения).

46. С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель, стр. 97.

47. В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 85—86.

48. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 187, 198.

49. А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, I, стр. 120.

50. С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель, стр. 97.

јавувал како криласт, како Самсон и како Гедеон и се покажувал страшен како Исус Навгин"[51]. Славата што ја стекнал Методиј со таквите свои воени подвизи брзо се пренела низ целата Солунска област, а и во царскиот двор во Цариград[52]. Во таа смисла говорат и податоците од т.н. Вистинска повест за Кирил и Методиј, дека Методиј по завршувањето на школувањето и доаѓањето „до машка возраст, постанал војник, и бидејќи бил мажествен и во сè достоен, станал познат во царскиот двор"[53].

Секако воените подвизи на Методиј му обезбедиле голема слава уште пред да наполни дваесет годишна возраст, за што византискиот император „кога бил на 20 години го поставил за кнез на Словените"[54], т.е. доделувајќи му „војводски чин"[55] го испратил да управува „словенско кнежевство"[56]. Со тоа животните врвици на Методиј тргнале по нови нагорни патишта и му обезбедиле нови признанија и слава ширум целиот словенски свет.

За разлика од својот „постар брат" Методиј, кој сè до својата триесетгодишна возраст (до замонашувањето)[57] оддано и' служел на византиската држава при извршувањето на доверените високи световни должности, Константин уште од детски и ученички години својот животен пат го насочил кон совладувањето на научните дисциплини кои подоцна му овозможиле да се нареди до најучените луѓе на својата епоха: да постане професор на Цариградскиот универзитет (Магнаурската школа), „заслужено" да биде „наречен филозоф"[58] да ја создаде со помошта на Методиј словенската азбука[59] и со тоа да изврши епохален пресврт врз културниот развиток на сиот словенски свет, да постане „учител на сите земји" и стекне слава на „нов апостол"[60].

Како најмало, „седмо дете" по ред на семејството на Лав и Марија, Константин бил удостоен со привилегијата: да се школува во солунските училишта во кои учеле само „синовите на богатите". Но за разлика од повеќето од нив, кои имале „обичај да се забавуваат со лов" и слично, младиот Константин целосно се оддал на учењето и затоа, како што вели неговиот житиеписец, напредувал „подобро од сите ученици, така

---

[51]. А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, I, стр. 120.

[52]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 187, 198.

[53]. Н· Л. Туницкий, Св. Климент. . ., стр. 263—264, приложения,.

[54]. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, II, стр. 38.

[55]. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, I, стр. 120.

[56]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 187, 198: „. . .дондеже цр҃ь [оувѣдѣвъ] быстрость юго кнѧжению юмоу дасть дьржати словѣньско — рече же азъ, юако прозьрѧ, како и хотѧше оучителѧ словѣнюмъ посълати и пьрьваго архиеп҃па, да бы проучилъсѧ вьсѣмъ обычаюмъ словѣньскыимъ и обыклъ ю малоу".

[57]. Дваесетгодишниот словенски управител Методиј на чело на кнежевството стоел 10 години (пребывъ тамо ї лѣть), а што говори дека кога заминал на планината Олимп и се замонашил веќе имал 30 години (А. Теодоров-Балан. Кирил и Методи, II, стр. 38. Сп. и : Н. Л. Туницкий, Св. Климент. . ., стр. 264, приложения; Г. Трайчев, Манастирите в Македония, София 1933, стр. 172.

[58]. В. Велчев, От Константин Философ до Паисий Хилендарски. София 1979, стр. 8.

[59]. Документи, I, стр. 32—65 и таму посочената литература.

[60]. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, I, стр. 109.

што сите му се чудеа на сфаќањето и на големиот успех во вештините“[61]. И самиот Константин во една прилика, кога се наоѓал на школување во Цариград, му изјавил на логотетот Теоктист: „за мене нема ништо поголемо од науката, преку која ќе се здобијам со мудрост и ќе ја побарам прародителската чест и богатство“[62].

Младиот Константин уште на седумгодишна возраст бил пленет од тајните на „филозофското учење“. Уште тогаш, како што пренесува неговиот житиеписец, прекрасната девица Софија (Премудроста) му станала животна сопатничка: „Кога беше детето на седум години, сони сон, па им го раскажа на татка си и на мајка си и им рече: ‚Стратегот ги собра сите девојки од нашиот град, и ми рече: Одбери една од нив која сакаш за сопруга и помошничка спрема тебе. А јас ги погледнав сите и откако ги разгледав, догледав една, најубава од сите, со светло лице, богато украсена со златни монистра и бисери и со секаков накит; името и' беше Софија, т.е. Премудрост. Ја одбрав неа“[63].

Колку и да се легендарни овие известувања од житиеписецот, сепак одат во прилог на изворните податоци кои исто така говорат, дека филозофското учење му станало „неисцрпна ризница“[64], т.е. дека „филозофската наука“ и воопшто премудроста му станале „животна другарка“[65].

Константин уште од ученичките години тргнал „по друг пат“ од тој на своите соученици. Житиеписецот пренесува дека тој „се зафати со наука, седејќи дома и учејќи ги напамет книгите на свети Григориј Богослов“[66]. Григориј Богослов (Назианзин) бил познат византиски писател и филозоф од IV век чии вештини во паганската и христијанска филозофија сиот тогашен учен свет ги користел, и чии трудови биле во центарот на вниманието и по неговата смрт[67]. Од овој голем мислител и познавач на античната филозофија, младиот Константин читајќи го страсно толку многу научил и се воодушевил, што решил да го избере за негов „просветител и учител“. Во негова чест Константин уште како ученик во Солун напишал пофала, која скратено во словенски превод[68] ја пренел и житиеписецот на неговото Панонско житие: „О Григориј, човек по телото и ангел по духот! Бидејќи си по телото човек, се јавуваш како ангел; а твојата уста, како еден од серафимите, го прославува Бога и ја просветува сета вселена со толкувањето на вистинската вера. Затоа и

---

61. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 89—90, 120—121; Климент Охридски, Житија, слова, поуки, стр. 36—37.

62. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91, 122.

63. Исто, 89—90, 121.

64 А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, I, стр. 120.

65. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91, 122. Сп. и В. Велчев От Константин Философ . . . , стр. 23 и сл.

66. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 90, 121.

67. Fr. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda, II. Zagreb 1859, str. 87; В. Велчев, От Константин Философ. . . , стр. 24.

68. В. Велчев, От Константин Философ. . . , стр. 24 : С. Б. Бернштейн, Константин-Философ и Мефодий, стр. 42.

мене, што клечам пред тебе со љубов и со вера, прими ме и биди ми просзетител и учител“[69].

Подоцна Константин напишал и друго дело во кое му изразил признателност на неговиот учител — „богословот Григориј Називнски“[70]. Освен од овој голем мислител, Константин уште од ученичките години сестрано се напојувал и од другите познати богослови, какви што биле Атанасиј Александријски, Јован Златоуст, Ефрем Сирин, Јован Дамаскин, Теодор Студит и др. Само така може да се даде одговор на прашањето: кому тој, Методиј и другите учени на својата епоха му должеле за здобиениот сестран и длабок религиозен поглед на свет[71]. Дека во Кирило-методиевската епоха Григориј Назиански бил читан писател и мислител, говори и зачуваниот ракопис во Париската библиотека, кој изобилува со убави минијату и, а кој бил напишан по порачка на императорот Василиј I (867—886)[72].

Уште во родниот град Солун, Константин добро совладал повеќе јазици. Во Пофалното слово на Кирил и Методиј се истакнува дека „нему му беше дадена духовна дарба, како на апостол, да зборува на разни јазици“[73]. Покрај грчкиот јазик, кој како официјален државен јазик добро го изучил во солунските училишта, Константин уште како дете го совладал и еврејскиот јазик од уличните другари-Еврејчиња. Во овој период покрај големиот број Словени и Грци во Солун живееле и поприличен број еврејски семејства[74]. Сето тоа му овозможило уште од млади години длабоко да навлезе во тајните на повеќе науки[75]. Затоа за Константин, кој за разлика од неговиот постар брат Методиј „со ум и со добродетели високо леташе како орел со духовните крилја“ како што се нагласува во Пофалното слово на Кирил и Методиј[76], солунската учена средина уште додека бил „момче“ станала сиромашна за стекнување на пошироки знаења и водење дискусии и полемики. Во прилог на тоа говорат и вестите од неговото Панонско житие: „Кога навлезе во многу беседи и голема мудрост, а не можеше да ја сфати нивната длабока смисла, западна во голема тага“[77]. Затоа Константин се воодушевил кога во Солун пристигнал некој си „туѓинец, кој добро знаеше граматика“, за што со нагласеност истакнал неговиот житие-

69. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 90, 121: Климент Охридски, Житија, слова, поуки, стр. 37—38.

70. Ю. Трифонов, Съчинението на Константин Философа (св. Кирила) „Написание о правей вере“. — Сп. на БАН, Историко-филологичен клон, кн LII, София, 1935, стр. 11, 14. Сп. : В. Велчев, От Константин Философ. . ., стр. 24; С. Б. Бернштейн Константин-Философ и Мефодий, стр. 42.

71. Е. Георгиев, Кирил и Методий, Истината за създателите на българската и славянска писменост. София 1969, стр. 102: В. Велчев, От Константин Философ. . ., стр. 24 и сл.

72. П. Динеков, Личноста на Константин-Кирил Философ. — Сб. Константин-Кирил Философ. Из. на БАН, София 1969, стр. 20—21.

73. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, I, стр. 120.

74. В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 106.

75. Н. Л. Туницкий, Св. Климент. . ., стр. 264, приложения.

76. А. Теодоров-Балан. Кирил и Методи, I, стр. 120.

77. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 90, 121.

писец. Иако овој непознат учен младиот Константин со паѓање „пред нозе“ го замолил да го научи „на граматичка вештина“, нудејќи му дури и дел од куќата на татко му што нему му припаѓал, тој го одбил зашто „беше ја закопал својата дарба“, заклучува неговиот житие писец[78].

Последните ученички години за Константин во Солун биле исполнети со голема тага и поради смртта на татко му Лав во 841 година. Сепак роднините и пријателите на семејството на Лав и Марија не допуштиле 14-годишниот Константин да не го продолжи своето школување[79]. За натамошното сестрано изградување на талентираниот Константин доста се ангажирал Лав Математичар, еден од најучените луѓе на Византија во овој период. Поставен на чело на Солунската митрополија околу 840 година од цариградскиот патријарх Јован VII Граматик (833—843), со кој бил во роднински врски[80], во Солун Лав Математичар ги продолжил своите сестрани истражувања посебно на полето на астрологијата, со што предизвикал голем интерес и почит кај голем број солунчани[81].

Инаку Лав, уште пред доаѓањето во Солун располагал со своја приватна школа во која предимно се изучувале светските науки, а посебно математичките дисциплини[82]. Од овој учен митрополит, кој останал на служба во Солун до неговото сменување 843 година, младиот Константин можел многу нешта да научи. Тој сигурно спаѓал во редот на оние Константинови „добродетели“ кои по смртта на татко му му овозможиле да го продолжи своето школување во Цариград. Инаку, Лав Математичар уште пред да постане солунски митрополит бил поставен (по предлог од еден негов ученик) од императорот Теофил за професор во познатата цариградска Магнаурска школа, чиишто слушател станал и Константин. По укинувањето на иконоборското движење 843 година, Лав Математичар поради неговата иконоборска ориентација бил сменет од митрополитската должност и одново поставен за професор во Магнаурската школа. По нејзината реорганизација од кесарот Варда во 863 година, Лав покрај професор по филозофија станал и ректор на оваа високошколска институција[83]. Од неговите познати ученици и помошници кои добиле сестрани знаења додека предавал во Магнаурската школа се Теодор, специјалист по геометрија, Теодигеј — по астрономија,, Комитас — по граматика, а веројатно и учените Сергиј и Фотиј[84].

---

78. Исто, 90, 121.

79. Вид.: Ив. Малышевский, Логофеть Феоктисть, покровитель Константина Философа. — Труды Киевской духовной академии. Фераль, 2, Киев, 1887, стр. 265—297. Fr. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda, II, str. 87; J. Stanislav, Slovenski apoštoli Cyril a Method a ich činnost' vo Vel'komoravskej riši. Bratislava 1945, str. 9.

80. Е. Э. Липшиц, Очерки истории византийского общества и културы (VIII-первая половина IX века). Москва—Ленинград 1961, стр. 345—348.

81. Исто, стр. 349.

82. В. Величев, От Константин Философ. . ., стр. 20—21.

83. Е. Э. Липшиц, Очерки. . . . , стр. 354: В. Велчев, От Константин Философ. . . , стр. 20—21.

84. Е. Э. Липшиц, Очерки. . . , стр. 354.

За заминувањето на Константин на школување во Цариград 842 година, на своја 15-годишна возраст[85], најмногу се зазел логотетот Теоктист, кој за време владеењето на малолетниот император Михаил III иако постоело регенство кое го сочинувале царицата — мајка Теодора и најстарата сестра Текела, а и неколку други советници, фактички тој ја водел државната политика[86]. Врз логотетот Теоктист, кој бил многу близок и љубимец на царицата Теодора[87], за да го повика Константина во Цариград, влијаеле и неговите дамнешни врски со друнгарот Лав[88]. Исто така има основа и претпоставката, дека Константиновото доаѓање во Цариград се должело и на препораката на Лав Математичар (Филозоф), кој по повторното добивање на професорската катедра во реформираниот Цариградски универзитет, станал и официјално негов професор[89].

Најголема улога да биде повикан Константин во Цариград за да го продолжи своето школување и да се движи во кругот на членовите на царските и највисоките аристократски семејства, секако одиграла неговата „духовна дарба" за учење, како и големите знаења што ги стекнал уште додека живеел во својата родна куќа во Солун[90]. Во таа смисла говори и неговиот житиеписец, кога истакнува дека логотетот Теоктист, „царскиот управител", откако „беше дочул" дека младиот Константин поседува „бистрина и прилежност во учењето, што беа здружени во него", го поканил да дојде во Цариград „за да се учи заедно со царот" (О разоумѣ бѡ его и моудрѡсти и прилежиѣмь оучении, еже бѣ растворено въ нємь, слышавь цр̃евь строитель, иже нарицает се логѡѳе̃, посла за нѥго, да се би съ цр̃емь оучiль)[91].

Кога Константин пристигнал во Цариград во втората половина на 842 година тој веќе имал околу 15 години, а малолетниот император Михаил III само 3 години[92]. Некои од учените се сомневаат во соопштението на Константиновиот житиеписец, дека тој учел заедно со Михаил III, изјаснувајќи се притоа дека настанатата грешка на житиеписецот се должела на тоа што двајцата се школувале не едновремено во Магнаурската школа[93] или пак дека Константин се школувал со синот на сестрата на Михаил III. Но и ова соопштение е доста сомнително зашто сестрата на Михаил III била бездетна[94]. Сепак најубедливо останува

---

85. Ив. Малышевский, Логофетъ Феоктистъ, стр. 293.

86. Г. Острогорски, Историја Византије. Београд 1969, стр. 219—220; История Византии, 1, Москва 1967, стр. 78.

87. Fr. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda, II, str. 88.

88. Ив. Малышевский, Логофетъ Феоктистъ, стр. 293.

89. Е. Э. Липшиц, Очерки. . . , стр. 355; Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници на славянските литератури, стр. 22; С. Б. Бернштейн, Константин—Философ и Мефодий, стр. 43.

90. Fr. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda, II, str. 87—88.

91. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 90, 121—122.

92. Ив. Малышевский, Святие Кирилл и Мефодий первоучители славянские. Киев 1886, стр. 14—16.

93. В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, стр. 107.

94. С. Б. Бернштейн, Константин — Философ и Мефодий, стр. 43—44.

гледиштето, дека Константин бил повикан да се школува во Магнаурската дворска школа за со својот талент за стекнување нови знаења да влијае врз малолетниот император, дејствувајќи му и како негов воспитувач[95].

Реорганизираниот Цариградски универзитет во кој по привилегија се школувал Константин, бил сместен во Магнаурската палата на Големиот царски дворец. Неговиот углед особено се зголемил кога 863 година кесарот Варда на негово чело го поставил познатиот учен Лав Математичар. По извршената реформа позначајни места им биле дадени на светските науки: аритметиката, геометријата, астрономијата, музиката итн[96]. Слушателите-студенти на оваа дворска високошколска институција исто така добивале солидни знаења и од областа на граматиката, реториката, филозофијата и „науката на сите науки" — богословието[97].

Додека Константин се школувал во Цариград имал можност да се напојува од знаењата на повеќе познати учени, меѓу кои посебно доминантни фигури биле Лав Математичар (Филозоф) и Фотиј, кој потекнувал од редовите на патрициската аристократија и кој подоцна станал цариградски патријарх. Покрај тоа што во рамките на Магнаурската виша школа предавал повеќе дисциплини (дијалектика, математика, богословие), тој во својот дом создал и филозофски кружок на кој учениците ги запознавал со своите погледи по многу прашања[98].

Од Панонското житие се дознава, дека Константин само што пристигнал во Цариград му биле дадени „учители да го учат". Царскиот двор секако целел Константин што повеќе да се наоружа со знаења како би можел поуспешно да го воспитува малолетниот император Михаил III[99]. Неговиот житиеписец исто така со нагласеност истакнува, дека Константин „откако ја изучи граматиката за три месеци, се зафати и со други науки: ги изучи Хомера и геометријата, а кај Лава и кај Фотија дијалектиката и сите филозофски науки, освен тоа и реторика и аритметика, астрономија и музика, како и сите други елински вештини. Така овладеа со сите нив, како да учел само една. Брзината се здружи со прилежноста, едната и' претходеше на другата, и така се постигнува знаење и умеење"[100].

На тој начин Константин за кратко време го постигнал во својот развој тоа што не му било можно да го совлада во сиромашната солунска учена средина. Стекнатите сестрани знаења од повеќе дисциплини не се должеле само на неговата „духовна дарба", туку и на негова-

---

[95]. Ив. Малышевский, Святие Кирилл и Мефодий, стр. 14.

[96]. Е. Э. Липшиц, Очерки. . . , стр. 354; История Византии, 2, Москва 1967, стр. 355; В. Велчев, От Константин Философ. . . , стр. 20.

[97]. Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници на славянските литератури, стр. 23.

[98]. В. Велчев, От Константин Философ. . . , стр. 21—22.

[99]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III,стр. 91, 122. Сп. и Ив. Малышавский, Святие Кирилл и Мефодий, стр. 16.

[100]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91, 122; Климент Охридски, Житија, слова, поуки, стр. 39. Сп. и Е. Э. Липшиц, Очерки. . . ,стр. 355.

та изразита трудољубивост. Додека се школувал во Цариград, истакнува неговиот житиеписец, тој „беседеше со оние со кои беше пополезно, ги одбегнуваше тие што имаа склоност на зло“[101]. Таква работна дисциплина го красела Константина уште во детските години. Покрај тоа што ги слушал предавањата во Магнаурската школа тој станал член и на Фотиевиот филозофски кружок, кој се одржувал во неговиот дом. Само така може да се објасни како младиот Константин за кратко време можел длабоко да навлезе во тајните на филозофијата и „зрачејќи им на сите со филозофското учење, стана неисцрпна ризница“[102].

За брзото совладување на граматиката и другите дисциплини на Константина му помогнала и поседуваната „духовна дарба, како на апостол, да зборува на разни јазици“ (бѣ во ѥмоу данъ даръ доуховьнъıи ıазъıкы глаголати ıако и апостолоу)[103]. Од неговото Проложно житие се дознава дека тој за кратко време научил четири јазици: грчки, латински, сириски и еврејски (и четꙑрми ıазыка философиı наоучи сѧ: и ѥлиньскꙑ, и римьскꙑ, сурьски, жидовьски)[104].

Знаењето на повеќе јазици било одлучувачко Константин да ја добие катедрата по филозофија во Магнаурската школа и да предава „на домашни и туѓинци“[105]. Со некои јазици Константин се запознал и навлегол во нивните тајни за време на извршувањето на државните мисии[106]. Дека Константин владеел добро повеќе јазици и самиот изјавил за време на полемичката расправа со тријазичниците во Венеција: „Му благодарам на мојот Бог, подобро од сите вас ги познавам јазиците“[107].

За време на школувањето во Цариград Константин посебно се нафрлил во совладувањето на тајните на филозофската наука. Тогаш филозофијата опфаќала повеќе дисциплини и се делела на надворешна и внатрешна. Првата ги опфаќала светските науки, а посебно грчката филозофија, а втората христијанската богослужба. Длабокото навлегување во тајните на светските науки Константин секако го должел на својот учител Лав Математичар (Филозоф), а доброто познавање на христијанската богослужба на филозофот Фотиј, со кого воспоставил исто така блиски односи[108].

---

101. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91, 122.

102. А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, I, стр. 120. Сп. и П. Динеков, Личноста на Константин-Кирил Философ, стр. 20.

103. Исто. стр. 120.

104. А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, II, стр. 35.

105. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 92, 123.

106. Исто, стр. 95, 126. Сп. и Е. Георгиев, Кирил и Методий. Истината. . . , стр. 107.

107. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 107, 139. Сп.: Е. Георгиев, Кирил и Методий. Истината. . . , стр. 107.

108. Ив. Малышевский, Святие Кирил и Мефодий, стр. 16; Я. Елпидинский, Кирилл и Мефодий, просветители славян. Петрозаводск 1885, стр. 3.

Логотетот Теоктист, Константиновиот „добродетел“, бил одушевен од брзото напредување на младиот Константин, а посебно од широките и задлабочени знаења што ги поседувал од областа на филозофските науки. Тоа можел и лично да го согледа, зашто на Константин му дал голема „власт над својата куќа“, дозволувајќи му истовремено „слободно да може да оди во царската палата“. На тој начин Теоктист можел да биде почесто во непосреден контакт со Константина, дискутирајќи притоа со него по многу филозофски прашања. Константиновиот житиеписец наведува, дека тој на Теоктиста во разговорите со него успеал да „му ја протолкува филозофската наука“, заради што сите го засакале, а и самиот тој му укажувал „секаква чест : „Еднаш му рече: „Твојата убавина и мудрост повеќе од сè ме тераат да те сакам. Имам убава и богата приќерка, благородна и од висок род, а јас сум и' кум. Ако сакаш, да ти ја дадам за животна другарка. А бидејќи имаш добиено од царот голема чест и кнежевство, чекај уште повеќе: набргу и стратег ќе станеш“. Меѓутоа, таквата примамлива понуда Константин ја одбил, со изговорот дека нему учењето му „е над сè“[109].

Големиот државник Теоктист, во договор со царицата Теодора, решиле да не го испуштат од нивната средина талентираниот „млад филозоф“, зашто тој, како што се изразил Теофилакт Охридски во Климентовото житие, бил „голем во јазичката филозофија, а уште поголем во христијанската“[110].

По завршувањето на своите студии на Цариградскиот универзитет 847 година, Константин со сила бил задржан на служба во Цариград. Тој откако бил „потстрижен“ и се здобил со духовен чин (ѿдадимь на попов'ство) бил назначен за библиотекар на патријархот во црквата Св. Софија во Цариград[111]. Должноста библиотекар (вивлотикарь) по сè изгледа била идентична со онаа на хартофилаксот (χαρτοφύλαξ), кој всушност го означувал патријаршискиот секретар[112]. Како библиотекар на Цариградската патријаршија, Константин бил задолжен да се грижи освен за книгите уште и за архивата. Библиотекарско-секретарската должност не му лежела на младиот филозоф Константин. По сè изгледа тој го искористил доаѓањето на Игнатиј (847—858) на чело на Патријаршијата во јуни 847 година за да се повлече од библиотекарската должност[113]. Во врска со тоа неговиот житиеписец истакнува:

---

109. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91, 122; Климент Охридски, Житија, слова, поуки, стр. 39.

110. Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски. София 1966, стр. 78—79.

111. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91, 122.

112. Исто, 91, 122, 145, бел. 11 и таму посочената литература.

113. Вид.: Fr. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda, II, str. 90—91; Fr. Dvornik, Les legendes de Constantin et de Methode vues de Byzance. Prague 1933, p. 49 и сл.; Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Философа-Ћирила просветитеља Словена. — Зборник за друштвене науке, Матица Српска, 13—14. Нови Сад 1956, стр. 31; Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници. . ., стр. 38. и сл.

„А тој, откако остана на таа должност мошне кусо време, се оддалечи кон Тесното Море и тајно се сокри во еден манастир. Го бараа шест месеци и одвај го најдоа“[114].

Бидејќи Византискиот царски двор не успеал да го присили Константина „да се врати“ на должноста библиотекар, архивар и секретар на Цариградската патријаршија, му понудил нова служба: професор по филозофија на Цариградскиот универзитет, што тој ја прифатил. Во врска со тоа неговиот житиеписец пишува: „Бидејќи не можеа да го присилат да се врати на таа должност, го наговорија да прими предавачка катедра и да предава филозофија на домашни и туѓинци, со соодветниот службен чин и за плата“[115].

Својата универзитетска кариера Константин ја започнал уште истата 847 година. Со задоволство ја прифатил професорската служба, зашто своите сестрани знаења можел да ги пренесува на своите ученици-студенти, а истовремено поблиску да се наоѓа и општи со своите учители Лав Математичар (Филозоф) и Фотиј. Покрај тоа, Константин како професор многу не зависел од моментната политика на централната власт, иако неговата професија му налагала повремено да учествува во разрешувањето на спорните прашања што се однесувале на заштитата на византиската култура, христијанската вера итн[116]. За кратко време додека стоел на чело на катедрата по филозофија Константин стекнал голема популарност кај своите студенти, кои потекнувале од повеќе земји на Европа и Азија. Во овој временски период нему секако му бил прилепен и епитетот „филозоф“ и станал познат како Константин Филозоф[117]. Најверојатно тогаш и официјално му била призната титулата филозоф, за што во извесна смисла говори и неговиот службен чин (съ слоужбою и помощїю. И сїе прїетъ)[118].

---

[114]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91, 123. Според Фр. Рачки, „Тесното Море“ е буквален превод од Στενον и тој назив се однесува на Златниот рог (Fr. Rački, Viek и djelovanje Sv. Cyrilla, str. 90 i bel. 6). Дворник пак смета дека Константин Филозоф се засолнил во манастирот Κλειδίον, кој се наоѓал на европскиот дел од Босфорот, во кој по се изгледа се наоѓал и бившиот иконоборски патријарх Јован VII Граматик со кој тој и полемизирал (Fr. Dvornik, Les legendes, p. 68 и сл.).

[115]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 91—92, 123.

[116]. Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Философа. . . , стр. 31.

[117]. Во Италијанската легенда се нагласува дека Константин „уште од раното детство заслужено бил наречен „филозоф“ (Латински извори за българската история, II, стр. 295). Сп. и Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници. . . . , стр. 39.

[118]. Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 92, 123. 145, бел. 14.

Branko PANOV

# ABOUT THE ORIGIN AND EARLY YEARS FROM THE LIFE OF CYRIL AND METHODIUS

Summary

The topic of this paper are still unsolved questions in the science concerning the origin, education and pre-missionary activity of Cyril and Methodius brothers.

On the base of analysis on the sources the author had at his disposal it is possible to certify that Cyril and Methodius brothers both by mother and father originate from rich aristocratic families who belonged to those Slavic circles who served the Bysantine Royal Court entirely.

The elder brother Methodius, who probably was born in 825 (but not before 810 as it was said by many research workers) since his earlies times was prone to follow the steps of his father Leo, who was a drungarios. He took education in those Salonica schools who enabled their pupils in acquiring high military and administrative posts after the school. Methodius up to the age of twenty, when he was engaged by the Byzantine Court to be a head of the „Slavic Principality" in Macedonia, carried out military duties whithin the frameworks of the Salonica region, thus acquiring high military fame.

Unlike Methodius, his younger brother Constantine, since a child attended those Salonica schools which enabled the pupils to acquire permanent knowledge in the field of grammar, philosophy, theology and other disciplines. As a very talented pupil, after his father's death in 841 he was taken with the Byzantine Court to prolong his education whithin the Magnaur's school. As soon as he finished this school in 847 and after his short employment as a librarian in the Constantinople Patriarchy, Constantine was appointed Professor of philosophy in the Magnaur's school, acquirng a high scientific reputation as a philosopher. His fame was especially expressed after the religious victory over the ex-iconobor's patriarch John VII Grammaticus, which contributed him acquiring a great confidence with the Byzantine Court and at the beginning of the 50-thies of IX century to be honoured with a missionery work among the Slavs in the course of River Bregalnica in Mcedonia, where from 845 as Slavic governer was also acting his brother Methodius.